ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ
СКОПЈЕ
Примено: 07-10-2019
03 | 144811

Образец бр.66


**ИЗВРШИТЕЛ**
**Данче Попчотрова-Ѓеоргиева**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Струмица и Радовиш**
**ул. Ленинова бр.17**
**тел. 034 340-012**


**И.бр.593/18**

Извршителот **Данче Попчотрова-Ѓеоргиева** од **Струмица** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Халк банка АД Скопје**, засновано на извршната исправа [redacted]ротив должни[redacted]д извршување во вредно[redacted]а спроведување на [redacted], на ден 03.10.2019 година го донесува следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

- К.П.бр.1648, дел 0, Адреса (улица и куќен број на зграда) ЛЕНИНОВА, бр.на зграда/др.објект 1, нам.на згр и други обј.Б2-2, Влез 1, Кат ПР, Број 72, Намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина 21м2, СОПСТВЕНОСТ запишана во имотен лист бр. 52826 за КО СТРУМИЦА

сопственост на должникот Јасминка Николовска од Струмица.

Продажбата ќе се одржи на ден **22.10.2019 година во 12 часот** во просториите на извршител Данче Попчотрова - Ѓеоргиева од Струмица, ул.Ленинова бр.17.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот изнесува 3.349.053,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености /. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300030000098344 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број 5027006113102.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Данче Попчотрова-Ѓеоргиева

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Струмица согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.